**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2007/2008 ГОДИНА

**Битола, јуни 2007 година**

Врз основа на член 100 -103 од Законот за високо образование, а во согласност со член 88 и член 138 од Статутот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, Одлуката од седницата на Ректорската управа на Универзитетот одржана на 16 мај 2007 година и Одлуката на Владата на Република Македонија за бројот за запишување студенти во прва година на државните високообразовни установи во академската 2007/2008 година, Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, објавува

**К О Н К У Р С**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2007/2008 ГОДИНА**

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На факултетите и високите школи на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, во прва година на додипломски студии во учебната 2007/2008 година ќе се запише следниов број студенти:

| Високообразовна установа | редовни во државна квота | износ на надоместок (ЕУР) | редовни со кофи-нансирање | износ на кофинанси-рање (ЕУР) | вонредни | вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА СО ДИСПЕРЗИРАНИ СТУДИИ ВО ВЕЛЕС** | **580** | **200** | **230** | **500** | **70** | **880** |
| **Машински отсек** | **167** | | | | | |
| - студиска програма за општо машинство | | | | | | |
| - студиска програма за индустриски менаџмент | | | | | | |
| - студиска програма за земјод. и прехрамбено машинство | | | | | | |
| - студиска програма за двегодшни стручни студии- енергетска насока | | | | | | |
| **Отсек за сообраќај и транспорт** | **149** | | | | | |
| - студиска програма за патен сообраќај и транспорт* | | | | | | |
| - студиска програма за железнички сообраќај | | | | | | |
| - студиска програма за воздушен сообраќај | | | | | | |
| - студиска програма за двегодшни стручни студии - патен сообраќај и транспорт | | | | | | |
| **Графички отсек** | **65** | | | | | |
| - студиска програма за графичко инженерство | | | | | | |
| - студиска програма за двегодішни стручни студии | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Електротехнички отсек** | **134** | | | | | |
| - студиска програма за индустриска електроенергетика | | | | | | |
| - студиска програма за двегодшни стручни студии - електроенергетска насока | | | | | | |
| **Отсек за информатика и компјутерска техника/тригодишни студии*** | **65** | | | | | |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП** | **200** | **200** | **100** | **400** | **30** | **330** |
| - студиска програма за бизнис економија | 40 | | | | | |
| - студиска програма за меѓународна економија и бизнис | 40 | | | | | |
| - студиска програма за маркетинг-менаџмент | 40 | | | | | |
| - студиска програма за деловна.статистика и информатика | 40 | | | | | |
| - студиска програма за сметковод. финансии и ревизија | 40 | | | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО - ОХРИД СО ДИСПЕРЗИРАНИ СТУДИИ ВО ВЕЛЕС** | **175** | **200** | **175** | **600** | **110** | **460** |
| - студиска програма за туризам | 55 | | | | | |
| - студиска програма за осигурување | 55 | | | | | |
| - студиска програма за царина и шпедиција** | 20 | | | | | |
| - студиска програма за гастрономија/тригодишни студии | 25 | | | | | |
| - хотелско-ресторантска студиска програма | 20 | | | | | |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ - БИТОЛА** | **85** | **200** | **285** | | **91** | **461** |
| - студиска програма за учители | 55 | 200 | 55 | 500 | 12 | 122 |
| - студиска програма за воспитувачи | 30 | 200 | 30 | 500 | 8 | 68 |
| - студиска програма за македонски англиски јазик | | | 50 | 600 | 5 | 55 |
| - студиска програма за македонски француски јазик | | | 30 | 600 | 3 | 33 |
| - студиска програма за македонски германски јазик | | | 30 | 600 | 3 | 33 |
| - **Студиска програма за информатика и техничко образование(заедничка студиска програма со Техничкиот факултет)** | | | 90 | 500 | 60 | 150 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА** | **150** | **200** | **70** | | **40** | **260** |
| - студиска програма за фармерско (сточарско) производство/тригодишни студии | | 200 | | 300 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - студиска програма за преработkа на анимални производи | | 200 | | 400 | | |
| - студиска програма за менаџмент во биотехниката | | 200 | | 400 | | |
| **ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА - БИТОЛА** | **85** | **200** | **85** | **400** | **70** | **240** |
| - студиска програма за профилот општа медицинска сестра /тригодишни студии | 35 | | 35 | | 30 | 100 |
| - студиска програма за профилот медицинско - лабораториски аналитичар/тригодишни студии | 35 | | 35 | | 30 | 100 |
| - студиска програма за профилот акушерка | 15 | | 15 | | 10 | 40 |
| **ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА – СКОПЈЕ** | **20** | **200** | **20** | **800** | **50** | **90** |
| - студиска програма за профилот криминалист | 20 | 200 | 20 | 800 | 50 | 90 |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ВКУПНО** | **1295** | | **965** | | **461** | **2721** |

Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи во состав на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола распишува Конкурс за запишување нови студенти на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи:

| **ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ-БИТОЛА** | **150** | **200** | **150** | **550** | **30** | **330** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Студиска програма за јавна администрација | 50 | 200 | 50 | 550 | 10 | 110 |
| - Студиска програма за менаџмент со информациски системи | 100 | 200 | 100 | 550 | 20 | 220 |

*Студентите коишто се запишуваат на овие програми на Техничкиот факултет студираат во Битола или на дисперзираните студии во Велес

**Студентите коишто се запишуваат на оваа програма студираат само на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид

## II. КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

1. Право на запишување на додипломски студии на факултетите имаат кандидати со завршено четиригодишно средно образование во средни училишта верифицирани со акт на Министерството за образование и наука.
   На додипломски студии на факултети кои траат пократко од четири години и на студии на висока стручна школа може да се запишат и кандидати кои имаат завршено средно образование и пократко од четири години ако ги исполнуваат другите услови и

критериуми утврдени со Статутот на Универзитетот односно високообразовната установа и условите утврдени со Конкурсот за запишување. Високообразовните установи со свои одлуки, кои ќе ги истакнат на огласните табли месец дена пред вршењето на упис, ќе определат кои кандидати со завршено средно образование пократко од 4 години и под кои услови ќе можат да се запишат на факултетот односно високата школа.

2. Додипломските студии се организираат како редовни студии. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.

   На додипломски студии може да се запишуваат и вонредни студенти доколку тоа го овозможува природата на студиската програма.
3. На високообразовните установи се запишуваат и кандидати кои имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи и кандидати кои паралелно студираат на сродни факултети, студиски групи или насоки (по завршена прва година).

   Овие кандидати се запишуваат надвор од вкупната квота според успехот од претходното образование, а нивниот број може да изнесува најмногу до **15%** од вкупниот број редовни студенти на соодветната високообразовна установа утврден во Конкурсот. Сродноста ја утврдуваат и објавуваат високообразовните установи.

   Кандидатите со претходно завршено високо образование и кандидатите кои се пријавуваат за паралелно студирање, се запишуваат под исти услови како и кандидатите со кофинансирање (од глава IV од Конкурсот).
4. Основен услов за пријавување и запишување е завршено средно образование.
5. На Педагошкиот факултет се врши претходно оценување на психо-физичките способности на пријавените кандидати за студирање. Оценувањето на кандидатите е елиминаторно.

5.1 На двопредметните студии по македонски и странски јазици се врши претходна проверка на лингвистичките способности на канидатот во форма на усно интервју на соодветниот странски јазик

6. Заради специфичностите на профилот за којшто се едуцираат студентите на Полициската академија, сите кандидати се должни да поминат низ селективна процедура којашто се состои од: специјалистички медицински прегледи и психофизички тестови.
7. **Основен услов и критериум за запишување е успехот постигнат во средното образование. Вреднувањето на успехот од средното образование се изразува во поени.**

   Кај високообразовните установи во состав на Универзитетот се **применуваат два различни пристапи во вреднувањето на успехот од средното образование.**

**1.** **На: Техничкиот факултет, Економскиот факултет,Факултетот за туризам и угостителство, Педагошкиот факултет и Факултетот за биотехнички науки** се вреднува исклучиво средниот успех од средното образование на тој начин што се собираат сите оценки внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценки и вака добиениот среден успех се множи со **20** . На овој начин може максимално да се добијат **100** поени.

**1.1.** Исклучок се оние кандидати со завршено тригодишно образование кои се запишуваат на стручни студии каде средниот успех се множи со коефициент **15.**На овој начин може максимално да се добијат **75** поени.

**2.** На **Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи, Високата медицинска школа и Полициската академија,** во вкупниот број поени, средниот успех од средното образование учествува со **80** поени, а средниот успех од **2**

предмети битни за студирањето на високообразовната установа и средниот успех од предметите македонски јазик и странски јазик учествува со **20** поени.

Средниот успех од средното образование се вреднува со собирање на сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценки и вака добиениот среден успех се множи со **16.** По оваа основа можат да се добијат најмногу **80** поени.

Вреднувањето на средниот успех од четирите предмети (два предмети битни за студирањето на високообразовната установа и предметите македонски јазик и странски јазик ) се врши на следниов начин:

**а)** За кандидати со соодветно средно образование се пресметува средна оценка поодделно за два предмети што секоја високообразовна установа посебно ќе ги одреди и за предметите македонски јазик и странски јазик. Потоа добиените средни оценки од четирите предмети се собираат и се делат со **4**, а потоа вака добиениот број се множи со **4** и на тој начин се добива вкупниот број поени којшто по оваа основа може да изнесува најмногу **20.**

**б)** За кандидати со несоодветно средно образование пресметувањето на средната оценка за секој од двата предмети што ќе ги одреди високообразовната установа и за предметите македонски јазик и странски јазик се врши на начин што првин се добива збир на оценки за секој предмет пооделно и се дели со **4**, независно од тоа колку години се слушал споменатиот предмет. Потоа средните оценки од четирите предмети се собираат и се делат со **4**, а потоа вака добиениот број се множи со **4** и на тој начин се добива вкупниот број поени којшто по оваа основа задолжително ќе биде помал од **20**.

По двете основи за успехот од средното образование можат да се добијат најмногу **100** поени.

Пред реализацијата на Конкурсот високообразовните установи каде се применува вториот пристап се должни да ги одредат и на огласна табла ги истакнат предметите чиј среден успех се зема предвид во вреднувањето на успехот од средното образование.

Во прилог на Конкурсот е дадена листа на соодветни струки од средното образование за оние високообразовни установи каде се применува вториот пристап.

8. За реализација на Конкурсот за запишување, Наставно научниот совет на високообразовната установа формира Конкурсна комисија.
9. За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија. Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на високообразовната установа, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, укажува на одделни пропусти и грешки на конкурсните комисии и слично.

   Доколку во текот на реализацијата на Конкурсот Универзитетската конкурсна комисија утврди дека постојат нарушувања на одредбите од Конкурсот во поглед на бројот на студентите, може да донесе Одлука за поништување на одлуките на конкурсните комисии на високообразовните установи.

   Високообразовната установа може да поднесе приговор на Одлуката на Универзитетската конкурсна комисија до Ректорската управа. Одлуката на Ректорската управа по Приговорот е конечна.
10. Конкурсните комисии на високообразовните установи го вршат рангирањето на кандидатите. Конкурсната комисија објавува, на огласната табла на високообразовната установа прелиминарна ранг - листа на пријавените кандидати според поените од средното образование. Кандидатите имаат право на приговор до Конкурсната комисија во рок од **24** часа од објавувањето на прелиминарната ранг - листа.

Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите од средното образование. Доколку кандидатот не е задоволен од Одлуката на Конкурсната комисија, во рок од **24** часа по приемот, има право да поднесе втор приговор, којшто преку Конкурсната комисија се упатува до Управата на високообразовната установа. Решението на Управата по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на високообразовната установа. По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање Конкурсната комисија на огласната табла на високообразовната установа објавува решение за прием на студенти (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти. Решението на Конкурсната комисиј за прием на студенти (конечната ранг - листа) високообразовната установа истовремено го доставува до Универзитетската комисија.

11. Примените кандидати се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата и редовни студенти со кофинансирање на студиите.
   Доколку редовните студенти запишани во државната квота, без оправдани причини не ги исполнат условите утврдени со Законот за високо образование, ги поднесуваат трошоците за студирање во согласност со истиот Закон.
   Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање надоместок за студиите, секоја година одделно во текот на целокупното студирање.
   Износот на надоместокот се пресметува според средниот курс на Народната банка на РМ и го одредува секоја високообразовна установа посебно.
   Надоместокот за студирање на студентите е составен дел на овој Конкурс. Плаќањето на надоместокот од претходниот став се врши според склучениот Договор со факултетот / високата школа . Овие средства се уплаќаат на сметката од самофинансирачки активности на факултетот / високата школа.
12. Припадниците на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група, утврдени со одредбите од чл. 2 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, како и лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РМ бр. 2/2002), во академската 2007/2008, ќе се запишуваат во посебна квота која може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на ниво на студиска програма и ќе студираат на високообразовните установи на Универзитетот „Св. Климент Охридски", без поднесување трошоци за студирање.

13. Заради обезбедување соодветна и правична застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, во академската 2007/2008 година на Полициската Академија - Скопје ќе се запишат студенти припадници на овие заедници чиј број не е повисок од 25% од вкупниот број на студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на факултет. Во рамките на овој процент соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија.
14. Реализацијата на конкурсот ќе се одвива во два уписни рока, со тоа што во првиот рок ќе се запишуваат сите пријавени кандидати кои го исполнуваат основниот услов, а доколку останат слободни непополнети места запишувањето ќе се врши и во вториот, а по потреба и во трет уписен рок.
15. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот од листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени, високообразовната установа ги запишува сите вакви кандидати.
16. Ректорската управа донесува посебно Упатство за реализација на Конкурсот.

## III. ЗАПИШУВАЊЕ ВОНРЕДНИ СТУДЕНТИ

1. На високообразовните установи како вонредни студенти можат да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат засновано работен однос, како и кандидати кои од оправдани причини, определени со Статутот на високообразовната установа, не се во можност да се запишат како редовни студенти. За оправдани причини од претходниот став се сметаат:
   - инвалид кој не е во состојба да следи редовна настава
   - потешка долготрајна болест
   - родител на дете додека трае породилното отсуство.
2. Вонредните студенти се запишуваат според **исти услови и критериуми како и редовните студенти,** а се рангираат на посебна ранг-листа.
   Вонредните студенти се запишуваат **со кофинансирање на трошоците како и студентите запишани во категоријата со кофинансирање** на студиите од глава IV точка 2 од Конкурсот.
3. При пријавувањето за запишување како вонредни студенти кандидатите поднесуваат: решение - заверен Договор за засносван работен однос или лекарско уверение за причините назначени во точка 1 став 2 (издадено од Здравствената станица на Универзитетот).

## IV. ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ СО КОФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИИТЕ

1. На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата.
   Запишувањето во оваа категорија, со кофинансирање на студиите, се врши под услов кандидатите да поднесат писмена изјава дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.
2. Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава I од Конкурсот го плаќаат во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РМ на денот на плаќањето, според склучениот Договор со факултетот/високата школа.
3. Високообразовната установа објавува ранг-листа на кандидати кои го исполнуваат основниот услов за запишување во оваа категорија Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од ***48*** часа по објавувањето на конечната ранг-листа.
   Листата на примените кандидати од оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија, и примерок од неа доставува до Ректоратот на Универзитетот. Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот / високата школа, за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.
4. На индексите на студентите не смее посебно да се обележува нивната припадност во овие категории.

## V. КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СТРАНСТВО

### а) Странски државјани

1. Странските државјани се запишуваат во неограничен број и тие се пријавуваат во роковите утврдени за сите кандидати. Бројот на странските државјани-стипендисти на Владата на Република Македонија го утврдува Министерството за образование и наука.
2. Странските државјани кои се пријавуваат за студирање на Педагошкиот факултет полагаат само тест за проверка на склоностите за студирање на овој факултет.
3. При пријавувањето, кандидатите наведуваат на која високообразовна установа сакаат да студираат, дали се стипендисти на Владата на РМ или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, потврда за знаење на македонскиот јазик и уверение за здравствената состојба (од здравствената станица на Универзитетот).
4. Школарината за странските државјани за учебната 2007/08 година е во висина на износот за кофинансирање на односниот факултет/висока школа на кој се запишуваат странските студенти и тоа : на Технички факултет – Битола : **500** евра; на Економски факултет – Прилеп: **400** евра; на Факултет за туризам и угостителство – Охрид: **600** евра, на Педагошки факултет – Битола: **500/600** евра, на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи **550** евра, на Факултетот за биотехнички науки – Битола: **300/400** евра на Високата медицинска школа – Битола: **400** евра и на Полициска академија – Скопје: **800** евра.

   Во оваа категорија студенти спаѓаат и студентите, странски државјани, чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Македонија. Овие кандидати може да се запишуваат без плаќање школарина, доколку Министерството за образование и наука ги поднесува трошоците за нивното студирање.

   Странските државјани кои се запишуваат на начин утврден во точка **1** и **3**, го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

   Кандидатите **странски државјани** се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, во роковите утврдени со Конкурсот.

### б) Иселеници и државјани на РМ со завршено средно образование во странство

1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата ( на Педагошкиот факултет кандидатите полагаат само тест за проверка на склоностите за студирање ), со кофинансирање на студиите.

   Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од високообразовната установа, односно видот на студиите за една учебна година изнесува како и за кандидатите од глава IV.

Кандидатите од првиот став можат да се запишуваат и под условите и критериумите утврдени во Конкурсот за кандидатите со завршено средно образование во РМ, во рамките на државната квота.

Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство.

**2.** Кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство и кандидатите со завршена меѓународна матура, се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидидатите со завршено средно образование во Република Македонија, со тоа што покрај другите документи поднесуваат нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршен во странство односно завршената меѓународна матура.

За кандидатите државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство, а не се во можност да се пријават во текот на првиот уписен рок (заради времето на завршување на образованието во странство) и за кандидатите со завршена меѓународна матура, Универзитетот организира пријавување во септемврискиот уписен рок.

Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа, а се примени оние кандидати кои освоиле бодови најмалку како и последниот примен кандидат на соодветната високообразовна установа, студиска група или насока.

Бројот на кандидатите државјани на Република Македонија кои целокупното средно образование или дел од средното образование го завршиле во странство може да изнесува најмногу до **10%** од бројот на редовните студенти,

Кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот кандидат примен во категоријата со кофинансирање на студиите се запишуваат со надоместок за студирање во висина утврдена во глава IV од Конкурсот.

За кандидатите кои се запишуваат во оваа категорија, со кофинансирање на студиите, се применуваат одредбите од глава IV од Конкурсот.

Кандидатите **иселеници и државјани на РМ со завршено целокупно средно образозование во странство**, кандидатите **државјани на РМ со завршен дел од средното образование во странство** и кандидатите со **завршена меѓународна матура** се пријавуваат во Ректоратот на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, во роковите утврдени со Конкурсот.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ КВОТИ УТВРДЕНИ ОД ВЛАДАТА НА РМ

1. За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, на високообразовните установи на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола (а согласно член 95 од Законот за високо образование и член 23 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование), во академската 2007/2008 година дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од 10% од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година на ниво на факултет. Во рамките на овој процент, соодветно ќе бидат застапени припадниците на сите заедници, до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Македонија. На високообразовните установи на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола каде постојат студиски програми кои се застапени на Државниот универзитет во Тетово, припадниците на албанската заедница ќе се запишуваат само во редовните квоти.

## VII . РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

**Прв уписен рок**

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите во првиот уписен рок на сите факултети и високите школи се врши во следниве термини:
**Пријавувањето** се врши на **26 и 27 јуни 2007 година .** Прелиминарната ранг-листа се објавува на **3 јули 2007 година, освен на Полициската академија каде прелиминарна ранг-листа ќе се објави на 10 јули 2007 година.**
**Решение за прием** на кандидатите ќе биде објавено на **6 јули 2007 година**, **освен на Полициската академија каде решението ќе се објави на 13 јули 2007 година.** **Запишувањето** на примените кандидати ќе се врши на **10 и 11 јули 2007 година, освен на Полициската академија каде запишувањето ќе се реализира на 17 и 18 јули 2007 година.**

**Втор уписен рок**

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите во вториот уписен рок на сите факултети и високите школи се врши во следниве термини:
**Пријавувањето** се врши на **31 август и 1 септември 2007 година**. Прелиминарната ранг-листа се објавува на **5 септември 2007 година.**
**Решение за** прием на кандидатите ќе биде објавено на **11 септември 2007 година**.
**Запишувањето** на примените кандидати ќе се врши на **18 и 19 септември 2007 година.**
**Трет уписен рок**
Пријавувањето и запишувањето на кандидатите на оние факултети и високите школи на кои ќе се врши запишување во трет уписен рок ќе се врши во следниве термини:
**Пријавувањето** се врши на **21 септември 2007 година**. Прелиминарната ранг-листа се објавува на **25 септември 2007 година.**
**Решение за прием** на кандидатите ќе биде објавено на **27 септември 2007** година.
**Запишувањето** на примените кандидати ќе се врши на **29 септември 2007 година.**

## VIII. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ

При **пријавувањето** за запишување на факултетите и високите школи кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

**1.** Пријава за запишување
**2.** Оригинални свидетелства од сите класови
**3.** Свидетелство за завршено средно образование
**4.** Извод од матична книга на родените
**5.** Доказ за државјанство на РМ (уверение или решение)
**6.** Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат освен горните и документите назначени во глава III, точка 3.
**7.** Потврда за уплатени **300 денари** на жиро сметка на факултетот - високата школа за манипулативни трошоци.

**Напомена:** Пожелно е, пред пријавувањето, кандидатите да направат преписи од документите за своите потреби.
При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:

1. индекс и студентска легитимација
2. три фотографии (2 - 6x9 и 1 - 4x6)
3. пријавни листови
4. потврда за уплатени **150 денари** - солидарен фонд на студентите за студентската фондација за потпорно здравствени, рекреативни, спортски и културни активности за студентите на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола; Студентска фондација - Битола, на жиро сметка: 500-0000002037-27 - Стопанска банка Битола; ЕДБ: 4002991125091
5. Потврда за уплатени **50 денари** наменски средства за културно-уметнички потреби на студентите, банка НБРМ на трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678867, приходна шифра 723012, програма 40
6. Потврда за уплатени **150** денари за студентски гласила и за други потреби на студентите во наставно-образовниот процес, банка НБРМ на трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678848, приходна шифра 723012, програма 40
7. Потврда за уплатени **800 денари** за компјутерската мрежа, функционирање и развој на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, банка - НБРМ на трезорска сметка: 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678852, ЕДБ: 4002979132007 Приходна шифра: 723012 Програма 40
8. Потврда за уплатени средства за надоместок и за кофинансирање на жиро сметката на соодветната високообразовна установа во износ намален за износот од точка 6

**ПРЕГЛЕД НА СООДВЕТНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**

| ФАКУЛТЕТ, ВИСОКА ШКОЛА | СРЕДНО УЧИЛИШТЕ |
|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ** | Сите четиригодишни средни училишта |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ** | Сите четиригодишни средни училишта |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО**<br>- Студиска програма за туризам<br>- Студиска програма за осигурување<br>- Студиска програма за царина и шпедиција<br>- Студиска програма за гастрономија | Сите четиригодишни средни училишта<br>Сите четиригодишни средни училишта<br>Сите четиригодишни средни училишта<br><br>Сите четиригодишни средни училишта и тригодишни училишта од угостителско туристичка струка |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ** | Сите четиригодишни средни училишта |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ**<br>- Студиска програма за фармерско(сточарско) производство<br><br>- Студиска програма за преработка на анимални производи<br>- Студиска програма за менаџмент во биотехниката | Сите четиригодишни средни училишта и тригодишни средни училишта од земјоделско-шумарска, прехрамбена и биотехнолошка струка<br><br>Сите четиригодишни средни училишта |
| **ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА**<br>- Студиска програма за профилот општа медицинска сестра<br>- Студиска програма за профилот медицински лаборант -аналитичар<br>- Студиска програма за профилот акушерка | Сите четиригодишни средни училишта од здравствената струка<br>Сите четиригодишни средни училишта од здравствената струка и гимназија<br>Сите четиригодишни средни училишта од здравствената струка |
| **ПОЛИЦИСКА АКАДЕМИЈА**<br>**- Студиска програма за криминалист** | Сите четиригодишни средни училишта |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ** | Гимназија и економско училиште |

Соодветноста на средните училишта за запишување на високообразовните установи на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, се однесува на методологијата при пресметувањето на поените од успехот на пријавените кандидати.